**20240741571**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА**
**ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување на санкциите,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 28 март 2024 година.

Бр. 08-2151/1
28 март 2024 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Јован Митрески,** с.р.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ**

Член 1

Во Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија” број 99/19, 220/19 и 236/22), во член 2 во ставот (1) точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: „односно кога одлуката за изречена парична казна ќе стане правосилна и извршна.”.

Член 2

Во член 7 ставот (2) се менува и гласи:

„Судот што ја донел одлуката во прв степен со која е изречена санкцијата е должен да му ја достави на надлежниот суд за извршување на санкциите според местото на живеалиштето, односно престојувалиштето на осуденото лице веднаш, односно во моментот на започнување на кривичната постапка, а најдоцна во рок од пет дена откако одлуката ќе стане правосилна, а во однос на паричната казна и извршна.”.

Во ставот (4) по зборот „санкциите’’ се додаваат зборовите: „односно судија за деца.”.

Член 3

Во член 9 во ставот (3) зборовите: „од ставот (1) на овој член’’ се бришат.

Член 4

Во член 11 во ставот (2) точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „како и трошоци согласно со членот 187 од овој закон.”.

Член 5

Членот 13 се менува и гласи:

„Во комуникација со осудените лица соодветно се применуваат одредбите од Законот за употреба на јазиците.”.

Член 6

Во член 17 по ставот (5) се додава нов став (6), кој гласи:

„(6) Децата кои издржуваат мерка притвор се одвојуваат од полнолетните притворени лица.”.

Ставот (6) станува став (7).

Член 7

Во член 19 во ставот (2) по зборот „лица„ се става запирка и се додаваат зборовите: „по предлог на директорот на Управата.“.

Член 8

Членот 20 се менува и гласи:

„На децата треба да им се обезбедат услови кои ќе ги заштитат од штетното влијание на други осудени лица, како и да им се создадат услови за живот и работа и за културни, спортски и други активности соодветни на нивната возраст.”.

Член 9

Во член 22 во ставот (4) зборовите: „средства на“ се заменуваат со зборовите: „средства за”.

Член 10

Во член 23 ставот (2) се менува и гласи:

„Се забранува осудените и притворените лица да бидат подложени на медицински или други експерименти со кои се нарушува нивниот физички, психички и морален интегритет.“.

Член 11

Во член 28 во ставот (1) зборот „три“ се заменува со зборот „два.“.

Член 12

Во член 29 во ставот (2) алинејата 1 се брише.

Ставот (3) се менува и гласи:

„Директорот на Управата поседува службена легитимација во која се наведуваат неговите овластувања и истата се издава на македонски јазик и неговото кирилско писмо, а доколку лицето на кое му се издава зборува јазик кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија, истата му се издава на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот кој го зборува и неговото писмо.“.

Член 13

Во член 30 во ставот (3) зборот „три“ се заменува со зборот „два“.

Член 14

Во член 31 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Доколку директорот на установата не постапува по сите препораки, задолженија и наредби дадени од директорот на Управата согласно со овој закон, лично е одговорен за постапување по истите.“.

Ставот (3) се менува и гласи:

„Директорот на установата поседува службена легитимација во која се наведуваат неговите овластувања и истата се издава на македонски јазик и неговото кирилско писмо, а доколку лицето на кое му се издава зборува јазик кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија, истата му се издава на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот кој го зборува и неговото писмо.“.

Ставовите (2), (3) и (4) стануваат ставови (3), (4) и (5).’’.

Член 15

Во член 32 ставот (2) се менува и гласи:

„Заменик-директорот на установата поседува службена легитимација во која се наведуваат неговите овластувања и истата се издава на македонски јазик и неговото кирилско писмо, а доколку лицето на кое му се издава зборува јазик кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија, истата му се издава на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот кој го зборува и неговото писмо.“.

Член 16

Членот 34 се менува и гласи:

„(1) Казнено-поправните и воспитно-поправните установи се основаат и укинуваат со овој закон.

(2) Казнено-поправните установи можат да бидат казнено-поправни домови и затвори.

(3) Казнено-поправни домови како установи од затворен вид се: Казнено-поправен дом - Идризово со Отворено одделение во Велес, Казнено-поправен дом - Штип и Казнено-поправен дом - Прилеп.

(4) Казнено-поправен дом како установа од отворен вид е Казнено-поправен дом од отворен вид - Струга.

(5) Затвори како казнено-поправни установи од полуотворен вид се: Затвор Битола, Затвор Гевгелија, Затвор Куманово со Отворено одделение во Крива Паланка, Затвор Охрид, Затвор Скопје, Затвор Струмица и Затвор Тетово.

(6) Воспитно-поправна установа е воспитно-поправен дом - Тетово за машки и женски лица.

(7) Министерот за правда со општ акт врши распоредување на осудените лица и децата во казнено-поправните и воспитно-поправните установи, како и на притворените лица во притворските одделенија на казнено-поправните установи.”.

Член 17

Во член 35 во ставот (4) првата реченица се менува и гласи:

„Установите од отворен вид имаат затворска полиција.“.

Ставот (5) се брише.

Ставот (6) станува став (5).

Член 18

По членот 35 се додаваат три нови наслови и три нови члена 35-а, 35-б и 35-в, кои гласат:

**„Единици за затворско разузнавање**

Член 35-а

(1) Со цел зголемување на општата безбедносна состојба на секоја казнено-поправна установа, детектирањето и управувањето со потенцијалните ризици како и превенција од истите во установи од затворен вид, а по потреба и во установи од друг вид, се воспоставуваат единици за затворско разузнавање.

(2) Единиците за затворско разузнавање се дел од внатрешната организација на секоја установа каде се формирани и се сметаат како друга мерка за обезбедување.

(3) Единиците за затворско разузнавање ќе бидат ефикасен механизам на детектирање и спречување на корупција во казнено-поправните установи.

**Вработени во единиците за затворско разузнавање**

Член 35-б

(1) Селекцијата на аналитичарите кои ќе вршат работни задачи во единиците за затворско разузнавање ќе се одвива по претходна извршена безбедносна проверка од страна на соодветен надлежен државен орган.

(2) Аналитичарите во единиците за затворско разузнавање имаат право на додаток на плата за посебни услови за работа и за работа изложена на ризик во висина од 40% од износот на основната плата.

(3) Вработените аналитичари одговараат пред директорот на установата и пред директорот на Управата.

**Соработка со други институции**

Член 35-в

(1) Соработката на единиците за затворско разузнавање и размената на разузнавачки податоци со други државни органи или безбедносни служби се одвива врз основа на претходно потпишани меморандуми за соработка и протоколи за размена на податоци.

(2) Размената ќе се одвива по претходно поднесено и одобрено барање кое ќе биде образложено и само доколку целта на размената е кривична одговорност или заштита на безбедноста и државните интереси.

(3) Личните податоци за осудените лица ќе се обработуваат во согласност со прописите од областа на заштита на лични податоци.

(4) Податоците ќе се пополнуваат на безбедносни извештаи, кои понатаму ќе се анализираат од страна на аналитичарите во овие единици.

(5) Начинот на работа и организација на работата на единиците за затворското разузнавање со акт ги определува директорот на Управата.’’.

Член 19

Во член 36 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Во установите може да се основаат одделенија за осудени лица со висок и многу висок безбедносен ризик.”.

Член 20

Во член 37 ставот (3) се брише.

Член 21

Во член 39 во ставот (3) зборот „затворите“ се заменува со зборот „установите”.

Член 22

По членот 41 насловот на Главата В. се менува и гласи:

„НАДЛЕЖНОСТ НА СУДИЈАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ И НА СУДИЈАТА ЗА ДЕЦА“.

Член 23

Во член 42 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Во надлежните судови за постапување со деца согласно со закон, извршувањето на санкциите спрема деца го врши судијата за деца.”.

Член 24

Во член 43 во ставот (2) алинејата 4 се менува и гласи:

„- засметување на притвор и куќен притвор, доколку надлежниот суд не донел соодветна одлука,“.

По алинеја 4 се додаваат две нови алинеи 5 и 6, кои гласат:

„- замена на казната затвор со куќен затвор поради околности поврзани со здравствената состојба, согласно со одредбите од Кривичниот законик,

„- замена на куќен затвор, односно општокорисна работа со казна затвор на предлог на пробациската служба, согласно со одредбите од Кривичниот законик,“.

По алинејата 8 која станува алинеја 10 се додава нова алинеја 11, која гласи:

„- барањето од осуденото лице за плаќање на паричната казна заменета со казна затвор на рати,“.

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член, соодветно се применуваат од страна на судијата за деца при извршување на санкциите спрема деца.”.

Член 25

Членот 46 се менува и гласи:

„(1) Во установа од отворен вид се извршува казната затвор за осудени лица само за кривични дела извршени од небрежност, за кои е определена казна затвор до три години.

(2) Во установата од ставот (1) на овој член се извршува и казна затвор до една година спрема осудени лица за кривични дела извршени од небрежност кои се извршени во поврат.“.

Член 26

Во член 48 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) За осудените лица сместени во одделенијата од членот 36 став (3) од овој закон се донесува општ акт со кој се уредува куќниот ред, со кој поблиску се определува организацијата на работата и се пропишува начинот на живеење на овие осудени лица.”.

Ставот (2) кој станува став (3) се менува и гласи:

„(3) Општите акти од ставовите (1) и (2) на овој член на предлог на директорот на Управата ги донесува министерот за правда.“.

Ставовите (3) и (4) стануваат ставови (4) и (5).

Член 27

По членот 48 се додава нова точка 3 и нов член 48-а, кои гласат:

**„3. Вршење видеонадзор во установите“.**

„Член 48-а

(1) Во установите може да се врши видеонадзор за следниве цели:

- за контрола и безбедност на установите,
- за заштита на животот и здравјето на осудените, притворените лица и децата,
- за заштита на животот и здравјето на вработените лица во установите и другиот ангажиран персонал и
- за заштита на посетителите.

(2) При преземање на дејствата во рамките на затворските овластувања, затворската полиција, директорот и вработените можат да употребат технички средства за аудиовизуелно снимање (боди-камера), со кои ќе се обезбеди снимен материјал (аудио и видеозапис) за начинот на кој се презема дејството од страна на затворската полиција. При користење на техничките средства лицата се должни да го известат лицето дека преземањето на дејството е предмет на аудио и видеоснимање, освен доколку известувањето на лицето за употреба на аудио и видеоснимање го оневозможува или отежнува преземањето на дејството во рамки на овластувањата.

(3) Снимките направени согласно со ставовите (1) и (2) на овој член, се чуваат до исполнување на целите за кои се врши, но не подолго од 30 дена, при што истите при истекот на рокот автоматски се бришат од медиумот на кој се чуваат.

(4) Снимките од видеонадзорот може да се чуваат на соодветен медиум и подолг временски период, но не повеќе од една година, доколку содржат снимен материјал за настан за кој е изготвен стандарден оперативен протокол за средства за присилба, со цел заштита на правата и слободата на осудените, притворените лица и децата.

(5) Снимките од видеонадзорот може да се чуваат подолг временски период од периодот утврден во ставот (3) на овој член, кога е тоа потребно за установите при водење соодветни постапки согласно со закон.

(6) Начинот за вршење на видеонадзорот и користење на боди-камерите во установите со акт го уредува директорот на Управата.”.

Член 28

По глава V „Работни односи“ во насловот на точката 1 по зборовите: „воспитно-поправните установи’’ се додаваат зборовите: „и Управата за извршување на санкциите“.

Во член 49 по ставот 4 се додаваат два нови става (5) и (6), кои гласат:

(5) По сила на закон, со навршување на 38 години вкупен пензиски стаж за жени, односно 40 години вкупен пензиски стаж за мажи на вработениот, без оглед на неговите години на возраст или со навршени 55 години живот и 25 години пензиски стаж од кој 15 години ефективно поминати на работни места за кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење, му престанува работниот однос.

(6) Пензијата е во висина од 80% од просечната нето-плата што административните државни службеници и помошно-техничките лица во установите и вработените во Управата ја оствариле во текот на најповолните 10 години од пензискиот стаж, која се намалува за 0,5% за секоја година пензиски стаж пократок од 40 години, но не повеќе од 2% по сопствено барање на вработениот.“.

Член 29

По членот 49 се додава нов член 49-а, кој гласи:

„Член 49-а

(1) Вработените во Управата имаат право на додаток на плата за посебни услови за работа и за работа изложена на ризик во висина од 25% од износот на основната плата и за нив се применуваат одредбите од Законот за пензиското и инвалидското осигурување согласно со кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење и тоа секои 12 месеци ефективно поминати на тие должности се сметаат како 16 месеци стаж на осигурување.

(2) Вработените во Управата поседуваат службена легитимација во која се наведуваат нивните овластувања и истата се издава на македонски јазик и неговото кирилско писмо, а доколку лицето на кое му се издава зборува јазик кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија, истата му се издава на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот кој го зборува и неговото писмо.

(3) Формата, содржината и начинот на издавање на службената легитимација од ставот (2) на овој член, ги пропишува министерот за правда.“.

Член 30

Во член 50 по ставот (3) се додаваат два нови става (4) и (5), кои гласат:

„(4) Административните државни службеници и помошно-техничките лица поседуваат службени легитимации во кои се наведуваат нивните овластувања и истите се издаваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо, а доколку лицето на кое му се издава зборува јазик кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија, истата му се издава на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот кој го зборува и неговото писмо.

(5) Формата, содржината и начинот на издавање на службената легитимација од ставот (4) на овој член, ги пропишува министерот за правда.”.

Член 31

Во член 55 ставот (2) се менува и гласи:

„Припадниците на затворската полиција поседуваат службена легитимација во која се наведуваат нивните овластувања и истата се издава на македонски јазик и неговото кирилско писмо, а доколку лицето на кое му се издава зборува јазик кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија, истата му се издава на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот кој го зборува и неговото писмо.“.

Во ставот (4) зборовите на почетокот од реченицата „Овластувањата на затворската полиција“ се бришат.

По ставот (7) се додаваат два нови става (8) и (9), кои гласат:

„(8) Во установите се формира единица за интервенции од припадници на затворската полиција, по објавен интерен оглас.

(9) Начинот на формирање и работа на единицата за интервенции со акт ги уредува директорот на Управата.“.

Член 32

По членот 55 се додава нов член 55-а, кој гласи:

„Член 55-а

Овластувањата на затворска полиција се:

- проверка и утврдување на идентитетот на лица и предмети,
- собирање на информации,
- потрага по лица и предмети во случај на непосредно бегство кога се врши спровод,

- предупредување и наредување,
- привремено одземање на предмети,
- преглед, односно претрес на простории во установата,
- преглед, односно претрес на притворени, осудени лица и деца,
- влегување во туѓ дом и други затворени простории во случај на непосредно бегство кога се врши спровод,
- сопирање, преглед, односно претрес на лица, багаж и превозни средства во случај на непосредно бегство кога се врши спровод,
- обезбедување и преглед на местото на настанот во установата,
- примање на пријави и поплаки,
- поднесување на пријави и известувања,
- преземање на активности за тестирање на осудено лице или дете во случај ако постои сомнение дека користел алкохол, опојни дроги и други психоактивни супстанци и
- обезбедување на осудено лице задржено на болничко лекување.”.

Член 33

Во член 68 по ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) Кога за првпат заснова работен однос на работно место помлад затворски полицаец како дополнителен услов е да не биде постар од 30 години.“.

Член 34

Во член 69 по ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) По приемот на потребната документација и започнување на постапка за вработување, директорот на установата ја доставува документацијата до Министерството за внатрешни работи и до Агенцијата за национална безбедност на Република Северна Македонија за натамошна безбедносна проверка на кандидатот.“.

Член 35

Во член 78 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) На раководни позиции од категорија Б во затворската полиција може да се избере и распореди лице само со унапредување.“.

Во ставот (4) кој станува став (5), точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: „доколку се одобрени средства согласно со Годишниот план за вработување.”.

Член 36

Членот 91 се менува и гласи:

„(1) По добиено сознание за постоење основи на сомневање дека припадник на затворската полиција сторил кривично дело при вршење на службено дејство или за кривично дело извршено надвор од службата со употреба на сериозна закана, сила или средства за присилба што како последица настапила смрт, тешка телесна повреда, телесна повреда или противправно лишување од слобода, мачење и друго сурово, нечовечко или понижувачко постапување и казнување доколку со закон е предвидено кривично гонење по службена должност, казнено-поправните и воспитно-поправните установи или Управата без одлагање го известуваат Одделението за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

(2) Во случаите од ставот (1) на овој член, здравствениот работник од установите има право да врши документирање и фотографирање на повредите.“.

Член 37

Во член 95 ставот (4) се менува и гласи:

„Делот на плата за степенот на образование, кој е законски минимум за соодветното ниво на работното место се вреднува на следниов начин:

НИВО НА КВАЛИФИКАЦИИ/ОБРАЗОВАНИЕ

Ниво на квалификации VI А, 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен 56 бодови,

- ниво на квалификации VI Б или 180 кредити според ЕКТС 31 бод,
- ниво на квалификации V А, 60 до 120 кредити според ЕКТС или вишо образование 21 бод и
- ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование 21 бод.“.

Ставот (5) се менува и гласи:

„Делот на плата за нивото на кое е распореден припадникот на затворската полиција се вреднува на следниов начин:

НИВО БОДОВИ

| | |
|---|---|
| Б1 - заповедник | 343 |
| Б2 - заменик-заповедник | 253 |
| Б3 - главен командир | 192 |
| Б4 - командир | 126 |
| В1 - помошник-командир | 101 |
| В2 - соработник во затворска полиција | 86 |
| В3 - помлад соработник во затворска полиција | 60 |
| Г1 - виш затворски полицаец | 55 |
| Г2 - постар затворски полицаец | 50 |
| Г3 - затворски полицаец | 45 |
| Г4 - помлад затворски полицаец | 41”. |

Член 38

Во член 97 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Припадниците на единицата за интервенции имаат право на додаток на плата за посебни услови за работа и за работа изложена на ризик во висина од 45% од износот на основната плата.”.

Член 39

Во член 98 во ставот (5) процентот „35%“ се заменува со процентот „50%”.

По ставот (8) се додава нов став (9), кој гласи:

„(9) При заминување во пензија вработените во установите и Управата имаат право на отпремнини во висина од пет просечни плати.”.

Член 40

Во членот 99 зборот „платата” се заменува со зборовите: „основната плата.”.

Член 41

Во членот 100 зборот „платата” се заменува со зборовите: „основната плата.”.

Член 42

Во член 113 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Доколку се оцени дека во дејствата нема елементи на дисциплинска неуредност, се донесува решение за одбивање на предлогот.”.

Ставовите (2), (3), (4), (5), (6) и (7) ставуваат ставови (3), (4), (5), (6), (7) и (8).

Член 43

Во член 115 ставот (3) се менува и гласи:

„Претседател на дисциплинската комисија е раководен припадник на затворската полиција, членови се припадници на затворската полиција кои се на исто или повисоко ниво од лицето кон кое се води постапката, од кои еден е претставник на синдикалната организација, доколку таков е вработен во установата, а еден член е претставник од редот на вработените во установата.”.

Член 44

Во член 123 во ставот (5) алинејата 6 се менува и гласи:

„- по сила на закон, со навршување на 38 години вкупен пензиски стаж за жени, односно 40 години вкупен пензиски стаж за мажи на вработениот, без оглед на неговите години и возраст или со навршени 55 години живот и 25 години пензиски стаж од кој 15 години ефективно поминати на работни места за кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење. Пензијата е во висина од 80% од просечната нето-плата што активниот припадник на затворската полиција ја остварил во текот на најповолните 10 години од пензискиот стаж, која се намалува за 0,5% за секоја година пензиски стаж пократок од 40 години, но не повеќе од 2%, по сопствено барање на вработениот.“.

Член 45

Во член 134 по ставот 1 се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Судски надзор во извршувањето на санкциите во однос на постапувањето со деца и во остварувањето на нивните права и обврски врши судијата за деца во основните судови со проширена надлежност.”.

Член 46

Во член 135 зборовите: „судијата за извршување на санкции” се заменуваат со зборовите: „надлежниот судија”, а по зборовите: „осудените лица” се додаваат зборовите: „или децата.“.

Член 47

Во член 136 во ставовите (1), (2), (3) и (4) зборовите: „судијата за извршување на санкции” се заменуваат со зборовите: „надлежниот судија”.

По ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) Директорот на Управата за преземените дејства по издадената наредба согласно со ставот (3) на овој член, го известува надлежниот судија.”.

Член 48

Во член 137 во ставот (1) по зборовите: „осуденото лице” се додаваат зборовите: „во моментот на започнување на кривичната постапка.”.

Во ставот (3) точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „а доколку не го пронајде осуденото лице во рок од 30 дена од денот на прием на барањето од судот, Министерството за внатрешни работи е должно без одлагање да го извести судот.”.

По ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) Во случај кога судот дал согласност за распишување на меѓународна потерница, на секои шест месеци ќе бара информација од Министерство за внатрешни работи до каде е постапката по распишување на меѓународна потерница.”.

Ставот (4) станува став (5).

Член 49

Во член 139 по ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) Осуденото лице кое веќе се наоѓа на издржување мерка притвор, куќен притвор или бара да биде упатено на издржување казна затвор пред правосилност на пресудата, судијата за извршување на санкциите со налог истиот го упатува во соодветната установа.“.

Член 50

Во член 140 ставот (3) се менува и гласи:

„Во случај да не може лично да му се достави упатниот акт на осуденото лице или доколку истиот сменил адреса на живеење, судот е должен во рок од 15 дена од неуспешниот обид за достава на упатниот акт, да побара од Министерството за внатрешни работи да обезбеди нова адреса на живеење и проверка дали лицето е достапно. Министерството за внатрешни работи е должно без одлагање, во рок не подолг од седум дена по извршената проверка да го извести судот.”.

Член 51

По членот 142 се додава нов член 14-а, кој гласи:

„Член 142-а

(1) Врз основа на поднесено барање на осуденото лице за плаќање на рати на паричната казна што е заменета со казна затвор, судијата за извршување на санкции доколку го усвои барањето носи решение со кое го одлага постапувањето по упатниот акт, за период не подолг од 12 месеци.

(2) Решението од ставот (1) на овој член се доставува и до казнено-поправната установа.

(3) Ако осуденото лице не ги плаќа ратите навреме, ќе се изготви нов упатен акт кој се доставува до осуденото лице и до казнено-поправната установа.”.

Член 52

Во член 143 став (1) во точката 6) зборовите: „старите, болните или малолетните” се заменуваат со зборовите: „деца, стари или болни”.

Член 53

Во член 144 во ставот (3) по зборот „барањето” точката на крајот на првата реченица се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „а не подолго од 30 дена од приемот на барањето.”.

Член 54

Во член 145 во ставот (1) зборовите: „и надлежниот јавен обвинител имаат” се заменуваат со зборот „има.”.

Ставот (2) се менува и гласи:

„Жалбата не го одлага извршувањето на казната, освен во случаите од членот 143 став (1) точки 1) и 2) од овој закон.”.

Член 55

Членот 146 се брише.

Член 56

Во член 147 ставот (2) се менува и гласи:

„Центарот за социјална работа и органот за внатрешни работи се должни по барање на судијата за извршување на санкциите да го известат за причините за отповикување на решението за одлагање на казната затвор.”.

Член 57

Во член 150 по ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) Директорот на Управата со подзаконски акт ја определува формата и содржината, начинот на водење на матичните книги и личниот лист за осудените, притворените лица и децата на кои им е изречена воспитна мерка упатување во воспитно-поправна установа.”.

Член 58

Во член 154 ставот (3) се брише.

Член 59

Во член 167 по ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) Директорот на Управата со општ акт поблиску ги определува и систематизира работните места на кои можат да се ангажираат осудените лица во установата.”.

Член 60

Во член 182 во ставот (3) точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: „согласно со Законот за здравственото осигурување.”.

Член 61

Во член 187 ставот (1) се менува и гласи:

„Заболено осудено лице може да бара специјалистички лекарски преглед и оперативен зафат на свој трошок, доколку таков преглед или оперативен зафат не определи лекарот на установата.”.

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Трошоците за спроводот паѓаат на товар на осуденото лице.”.

Член 62

Во Глава XI точка 11 насловот на потточката а) се менува и гласи:

„а) допишување со писма или преку електронска пошта”.

Член 63

Во член 195 ставот (1) точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: „со писма или преку електронска пошта (на деск компјутер).”.

Ставот (2) се менува и гласи:

„Во затворените одделенија на установите допишувањето со писма или преку електронска пошта се врши под надзор на установата, а во полуотворени и отворени одделенија на установите комуникацијата преку електронска пошта се врши под надзор.”.

Во ставот (3) по зборот „писмо” се додаваат зборовите: „односно електронска пошта”.

По ставот (6) се додава нов став (7), кој гласи:

„(7) Начинот на комуницирање преку електронска пошта на осудените лица го пропишува министерот за правда.”.

Член 64

Членот 196 се менува и гласи:

„(1) На осуденото лице и на лицето на кое му е изречена мерка упатување во воспитно-поправен дом му се дозволува телефонски разговор, кој може да се овозможи и преку преносен уред кој овозможува аудиовизуелна комуникација.

(2) По барање на семејството, телефонски разговор или комуникацијата со осуденото лице ќе се дозволи ако е потребно на осуденото лице нешто итно да му се соопшти што не трпи одлагање.

(3) Телефонскиот разговор и комуникацијата преку преносниот уред во установа од затворен вид и во затворено одделение се врши во присуство на службено лице, само ако телефонскиот разговор не се снима.

(4) Комуникацијата согласно со ставовите (1), (2) и (3) на овој член се снима.

(5) Начинот на комуницирање преку преносен уред на осудените лица го пропишува министерот за правда.”.

Член 65

Во член 202 по ставот (8) се додава нов став (9), кој гласи:

„(9) Одредбите од ставовите (3), (4), (5), (6), (7) и (8) на овој член не се однесуваат за претставниците од канцеларијата на Народниот правобранител.”.

Ставот (9) станува став (10).

Член 66

Во член 204 ставот (1) се менува и гласи:

„Осудените лица имаат право да примаат пратки од страна на членови на потесното семејство во смисла на овој закон, како и од страна на други лица надвор од потесното семејство, а по претходно добиено одобрение од директорот на установата.“.

Член 67

Во членот 212 зборовите: „и надлежниот обвинител имаат” се заменуваат со зборот „има”.

Член 68

Во насловот на членот 215 се додава нова точка 13-а, која гласи:

„13-а Право на издавање и ажурирање на лична карта”.

Во членот 215 по зборовите: „Осудените лица” се додаваат зборовите: „и децата”, а по зборовите: „право на” се додаваат зборовите: „издавање, односно на”.

Член 69

Во Глава XII во насловот на членот 217 по зборот „лица“ се додаваат зборовите: „и деца”.

Во членот 217 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) За излез надвор од установата при користење погодности, без одлагање се доставува известување до Министерството за внатрешни работи.”.

Ставот (3) станува став (4).

Член 70

Во член 218 став (1) во алинејата 8 зборовите: „односно до 30 дена за лица на кои им е изречена мерка упатување во воспитно-поправен дом“ и сврзникот „и“ се бришат”.

По алинејата 8 се додава нова алинеја 9, која гласи:

„- отсуство до 30 дена во текот на годината, за лица на кои им е изречена мерка упатување во воспитно-поправен дом со тоа што отсуството во текот на месецот не може да биде подолго од пет дена,“.

Ставот (2) се менува и гласи:

„(2) Заради неоправдано доцнење при враќање од излез надвор од установата, веднаш се известува полициска станица за определено подрачје, а во рок од 24 часа директорот на установата ќе го извести судијата за извршување на санкциите, односно судијата за деца за да издаде наредба за распишување потерница.”.

Член 71

Во член 223 ставот (1) се менува и гласи:

„Осуденото лице по негово барање може да биде преместено на натамошно издржување на казната затвор од една во друга установа од ист или од различен вид кога со натамошното престојување во таа установа му е загрозен животот или телесниот интегритет.“.

Член 72

Во член 224 ставот (2) се менува и гласи:

„По барање на осуденото лице или по предлог на директорот на установата, врз основа на мислење на здравствен работник и медицинска документација, откако судијата за извршување на санкциите ќе ги провери околностите наведени во барањето со решение може да го прекине издржувањето на казната подолго од 30 дена, поради лекување, кога не постојат услови лекувањето да се спроведе во установата или установата да го упати во соодветна здравствена установа.”.

Во ставот (3) пред првата реченица се додава нова реченица, која гласи:

„Решението од ставот (2) на овој член, се донесува најдоцна во рок од 30 дена од денот на прием на барањето.“.

Во ставот (3) зборовите: „јавниот обвинител” се бришат.

Во ставот (5) зборовите: „и јавниот обвинител имаат“ се заменуваат со зборот „има“ и се додава нова реченица, која гласи:

„Жалбата не го одлага извршувањето на решението.“.

Во ставот (6) зборовите: „по истекот на“ се заменуваат со предлогот „во”, а точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „15 дена пред истек на прекинот“.

Ставот (7) се менува и гласи:

„Судијата може да ги провери околностите наведени во барањето за продолжување на прекинот, а по извршените проверки врз основа на мислење на здравствениот работник и медицинската документација во најкус можен рок, а не подолго од седум дена да донесе решение.“.

Во ставот (8) зборовите: „се известува“ се заменуваат со зборовите: „судијата задолжително ја известува.”.

Член 73

Членот 225 се менува и гласи:

„(1) На осудени лица кои се на издржување казна затвор, директорот на Управата во најкус можен рок, а не подолго од 30 дена, донесува решение за прекинување на издржувањето на казната во траење до 30 дена, доколку има потреба или се наоѓа на болничко лекување од потешка акутна болест, зависности или породување.

(2) Решението од ставот (1) на овој член е конечно.

(3) Примерок од решението од ставот (1) на овој член, заедно со примерок од целокупната документација се доставува до судијата за извршување на санкциите и во рок од 24 часа писмено се известува министерот за правда.

Член 74

Во член 229 во ставот (6) зборот „службените“ се заменува со зборот „вработените“.

Член 75

Во член 231 став (3) алинејата 3 се менува и гласи:

„- физички напад или недолично однесување кон службено лице или друго осудено лице,“.

По алинејата 3 се додава нова алинеја 4, која гласи:

„- учество во тепачка,“.

Во алинејата 5 која станува алинеја 6, запирката се брише и се додаваат зборовите: „или од здравствена установа во која е упатен на лекување и чување,” и се додаваат две нови алинеји 7 и 8, кои гласат:

„- оддалечување од кругот на установата,

„- оддалечување од работното место каде што е работно ангажиран надвор од установата,“.

Алинејата 8 која станува алинеја 11 се менува и гласи:

„- внесување или изработка на алкохолни пијалаци и наркотични средства, нивно користење или растурање во установата или утврдување на нивно присуство при тестирање,”.

Член 76

Во член 233 во ставот (4) во втората реченица по зборовите: „комисијата е“ се додаваат зборовите: „правник во установата, а доколку во установата нема правник,”.

Член 77

Во член 241 во ставот (4) зборовите: „Ако постои сомнение за причините за смртта” се заменуваат со зборовите: „Во случај на смрт“.

Член 78

Во член 242 ставот (1) се менува и гласи:

„Осуденото лице може да присуствува на погреб на член од потесното семејство согласно со членот 197 став (2) од овој закон во времетраење до 12 часа, со или без присуство на службено лице од установата само доколку користи погодности надвор од установата, како и степенот на безбедносен ризик, по одобрение на директорот на установата.”.

Ставот (2) се брише.

Член 79

Во член 244 ставот (2) се менува и гласи:

„Активностите на подготвување за отпуштање на осуденото лице се интензивираат пред отпуштање на лицето од установата.”.

Член 80

Во член 252 во ставот (1) зборовите: „главниот претрес“ се заменуваат со зборовите: „главна расправа.“.

Член 81

Во членот 253 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Податоците кои установата ги доставува до судот се користат единствено за целите на постапката.“.

Ставот (2) станува став (3).

Ставот (3) кој станува став (4) се менува и гласи:

„(4) По одлука на судот, предлогот на директорот на установата може да го застапува и образложува матичниот воспитувач во установата каде што осуденото лице ја издржува казната затвор.’’.

По ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) За предлогот за условен отпуст судот одржува рочиште на кое се повикуваат директорот на установата или лице овластено од него како и осуденото лице кое може да има бранител. По исклучок рочиштето може да се одржи и со помош на електронско-технички средства, кои обезбедуваат двонасочна комуникација во реално време.“.

Член 82

Во член 254 во ставот (2) по зборот „канцеларија“ запирката и зборовите: „надлежниот јавен обвинител” се бришат.

Член 83

Членот 256 се менува и гласи:

„Против решението по барањето за условен отпуст осуденото лице има право на жалба во рок од осум дена до повисокиот суд.“.

Член 84

Членот 257 се менува и гласи:

„(1) Директорот на установата може да го отпушти осуденото лице и пред истекот на казната најмногу 30 дена за казна затвор до три години, односно 60 дена за казна затвор над три години, ако осуденото лице издржало 9/10 од казната.

(2) Предвремено отпуштање на осуденото лице пред истек на казната може да се изврши ако се исполнети следниве критериуми:

- осуденото лице во текот на извршување на казната да соработува и да го прифати процесот на ресоцијализација во согласност со одредбите на куќниот ред, да има позитивно однесување во осуденичката средина,
- дисциплинирано и квалитетно да ги извршува поставените работни задачи во текот на работното ангажирање и
- да има позитивен однос кон сите вработени во установата, а особено кон непосредниот воспитувач и инструктор.“.

Член 85

Во член 260 во ставот (3) по зборовите: „судијата за извршување на санкциите” се додаваат зборовите: „и до надлежната пробациска канцеларија.”.

Член 86

Во член 263 во ставот (2) по првата реченица се додава нова реченица, која гласи:

„По приемот на барањето, Управата за јавни приходи е должна во рок од 90 дена да ја изврши присилната наплата и за тоа во рок од 24 часа да го извести судот.“.

Член 87

Насловот на Глава XXI се менува и гласи:

„ИЗВРШУВАЊЕ НА ДРУГИ КАЗНИ“.

Член 88

Во член 271 ставот (3) се менува и гласи:

„Надлежниот орган, казната од ставот (1) на овој член, ја извршува со преземање на дејства со кои на осуденото лице му се забранува влез и присуство во близина на објектот каде што се одржува спортскиот натпревар.“.

Ставовите (4), (5) и (6) се бришат.

Член 89

Во член 272 по ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) За упатување на извршување на мерки за безбедност од ставот (1) на овој член соодветно се применуваат одредбите од овој закон, во однос на издавање на упатен акт.”.

Член 90

Во член 296 по зборовите: „образование и наука“ се става запирка и се додаваат зборовите: „министерот за финансии”.

Член 91

Во Главата XXV насловот на точката 3. се менува и гласи:

„3. Забрана на управување на моторно возило од определен вид или категорија“.

Во членот 307 зборовите: „и протерување на странец од земјата“ се бришат.

Член 92

По членот 307 се додава нов наслов „4“ и нов член 307-а, кои гласат:

„4. Обврска за напуштање на државата со забрана за влез на дете-странец

Член 307-а

(1) Правосилната пресуда со која е изречена казната обврска за напуштање на државата со забрана за влез на дете-странец, надлежниот суд му ја доставува на извршување на Министерството за внатрешни работи.

(2) Казната од ставот (1) на овој член се извршува според одредбите на закон со кој се регулира движење и престој на странци.”.

Член 93

Членот 312 се менува и гласи:

„(1) Судијата за деца е должен да му наложи на центарот за социјална работа во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето од судот да ги достави следниве податоци: извод од матичната книга на родените, свидетелство, податоци за здравствената состојба на детето, социјална и психолошка анамнеза и други податоци од испитувањето на личноста на детето, до воспитно-поправната установа.

(2) Судијата за деца без одлагање, а најдоцна во рок од три дена од денот на извршноста на одлуката, извршната одлука заедно со известување за започнувањето со извршување на воспитната мерка ја упатува до надлежниот центар за социјална работа и воспитно-поправната установа.

(3) За подготовката и за почетокот на извршување на воспитната мерка центарот за социјални работи ги известува родителите, односно старателот на детето и надлежниот суд, најдоцна во рок од 15 дена од приемот на списите од ставот (2) на овој член.

(4) Центарот за социјални работи е должен во рок од 30 дена од прием на списите од ставот (2) на овој член, да го извести судијата за деца за преземените активности од ставот (3) на овој член.''.

Член 94

Во членот 313 зборовите: „надлежни се да постапуваат надлежниот суд'' се заменуваат со зборовите: „надлежен е да постапува судијата за деца.".

Член 95

Во член 342 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Во воспитна установа детето останува најмалку шест месеци, а најмногу три години.".

Член 96

Во член 347 во ставот (1) зборот „една" се заменува со зборовите: „шест месеци".

Ставот (2) се менува и гласи:

„Воспитната мерка упатување во воспитно-поправен дом се изрекува со решение, а може да се изрече само еднаш.".

Член 97

Во член 348 во ставот (1) точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „врз основа на лични документи на детето доколку ги поседува, изјава од родител, старател или возрасен член, кој го придружува детето, врз основа на документи приложени од страна на Министерството за внатрешни работи или на друг начин.".

Член 98

Во член 349 во ставот (2) зборовите: „социјално-медицинско" се заменуваат со зборовите: „социјално-криминолошко, медицинско".

Член 99

Во член 357 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Министерот за правда донесува акт за нормативите за подготвување на храна на децата.".

Ставот (3) станува став (4).

Член 100

Во член 362 во ставот (1) зборовите: „од 30 дена, со можност за користење на два дела, летен и зимски одмор" се заменуваат со зборовите: „до 30 дена.".

Член 101

Во член 363 ставот (1) се менува и гласи:

„Децата кои не посетуваат настава за основно и средно образование, а на практична обука поминале непрекинато шест месеци и притоа двапати последователно не ја злоупотребиле погодноста за отсуство до 30 дена согласно со членот 218 став (1) алинеја 9 од овој закон вклучувајќи го тука и времето поминато на лекување поради повреда на работа или професионално заболување, имаат право на одмор од 20 дена во годината, со можност за користење на два дела, летен и зимски одмор.“.

Член 102

По членот 366 се додава нов член 366-а, кој гласи:

„Член 366-а

Директорот на воспитната установа е должен најмалку на секои шест месеци или кога надлежниот суд или центарот за социјални работи тоа ќе го побараат да ги извести за успехот во примената на воспитната мерка упатување во воспитно-поправен дом.”.

Член 103

Во член 383 во ставот (1) зборовите: „за ликвидација“ и „или ликвадициониот” се бришат.

Член 104

По членот 393 се додава нова точка 1-а и нов член 393-а, кои гласат:

„1-а. Извршување на глоба и трошоци на постапка спрема странци

Член 393-а

(1) Правосилната одлука со известување дека глобата и трошоците на постапката не се наплатени од осуденото лице кое е странски државјанин, судот ја доставува до граничната полиција со цел евидентирање.

(2) При влез во државата гранична полиција ќе побара од странецот доказ за платена глоба и трошоци на постапка, во спротивно ќе му биде оневозможен влез во државата.”.

Член 105

Во член 395 во ставот (1) по зборовите: „надлежниот суд” се додаваат зборовите: „во рок од 15 дена од денот на донесување на правосилната пресуда’’.

Во ставот (2) зборовите: „возачката дозвола, возачката книшка“ се заменуваат со зборовите „досието на возачот,”.

Член 106

Членот 403 се менува и гласи:

„Одредбите на овој закон за извршување на глобата и обврска за напуштање на државата со забрана за влез на дете-странец спрема полнолетни лица и за извршување на воспитните мерки и алтернативните мерки спрема деца сторители на кривични дела соодветно се применуваат и на извршувањето на воспитните мерки за прекршок.“.

Член 107

Одредбата од членот 16 од овој закон со кој се менува членот 34 став (6) ќе започне да се применува најдоцна во рок од три години од влегувањето во сила на овој закон.

Член 108

Одредбите од членовите 35-б став (2), член 49-а став (1), член 95 ставови (4) и (5), член 97 став (2) и член 98 став (9) од овој закон ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2025 година.

Член 109

Одредбата од членот 63 од овој закон со кој се дополнува член 195 и членот 64 од овој закон со кој се менува членот 196 ќе започнат да се применуваат 18 месеци по влегувањето во сила на подзаконските акти.

Член 110

Низ целиот текст на законот, зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија”.

Член 111

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 112

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Северна Македонија да утврди пречистен текст на Законот за извршување на санкциите.

Член 113

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.